**20150461786**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Врз основа на член 9 став (10) од Законот за издавачката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 199/14), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА CIP-ЗАПИС

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за издавање на CIP-запис.

Член 2

Барањето за издавање на CIP-запис се поднесува на образец „Барање за издавање на CIP-запис“, кој се печати на хартија со бела боја на А-4 формат.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

1. Примател на барањето;
2. Наслов;
3. Податоци за поднесителот на барањето:
4. Наведување на прилозите кон барањето;
5. Датум и место на поднесување на барањето;
6. Потпис на поднесителот на барањето.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.55-4030/1
17 март 2015 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа Милевска**, с.р.

Прилог

До: Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје

# Б А Р А Њ Е
## за издавање на CIP-запис

1. Податоци за подносителот на барањето:

- целосен назив на подносителот на барањето - издавачот/соиздавачот ______________________________________________________________
______________________________________седиште______________________________________
__________________________________ податоци за контакт____________________________,
- целосен назив на печатницата/производувачот ______________________________________________________________
______________________________________седиште______________________________________
__________________________________податоци за контакт____________________________,
- наслов на публикацијата______________________________________________________
______________________________________________________________,
- име и презиме на авторот/авторите, носителот на авторското право_________________
______________________________________________________________;
- име и презиме на:
уредникот______________________________________________________________
преведувачот______________________________________________________________
илустраторот______________________________________________________________
лекторот ______________________________________________________________
други лица______________________________________________________________,
- реден број на изданието _______________________________и неговите карактеристики
формат______________пагинација__________________прилози_______________________
______илустрации____________________________,табели___________________________,
- година на издавање и печатење ___________________________________,
- место на издавање__________________________________________________,
- податоци за издавачот, место и година на објавување на првото издание
доколку таквите податоци се достапни (при повторно издание)______________________
______________________________________________________________,
- ознака C (copyright) со името на носителот на авторското право и годината на првото објавување,
- тираж_________________________________________,
- меѓународен стандарден број за публикацијата (ISBN, ISSN, ISMN, ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET)______________________________________________________.

2. Во прилог доставувам:

- конечна верзија на публикацијата______________________________________________
______________________________________________________________
- потврда за уплатени средства за издавање на CIP-запис__________________________
______________________________________________________________

Датум:_______________
Место:_______________

Потпис на подносител на барањето

______________________________